# Универзитет Св. Климент Охридски – Битола | Alumni интервју

## За Вас

| | |
|---|---|
| **Име и презиме** | Ѓоре Наков |
| **Факултет/студиска програма** | Технолошко-технички факултет Велес/ Прехранбена технологија и Биотехнологија |
| **Работно место/позиција** | University of Ruse "Angel Kanchev", branch Razgrad, R.Bulgaria/ Асистент |
| **Година на дипломирање** | 2013 |
| **E-mail адреса** | gore_nakov@hotmail.com |

## Споделете искуства од студирањето на УКЛО/ Технолошко-технички факултет - Велес

**Наведете зошто избравте да студирате на Технолошко-технички факултет - Велес, ваши искуства во текот на студиите, интересни случки и сл.**

Со оглед дека прехранбената индустрија и биотехнологијата се во постојано усовршување студирањето на Технолошко-технички факултет Велес, целосно ги задоволи моите очекувања и потреби. Во текот на моето студирање една година преку Erasmus програмата бев на размена на студенти во Универзитетот по Прехранбена технологија во Пловдив, Репбулика Бугарија (University of Food Technology Plovdiv), година која ми помогна во усовршување на професионален план.

## Споделете Ваши искуства по дипломирањето на УКЛО/Технолошко-технички факултет - Велес

**Опишете каде и што работите, опишете го Вашиот професионалн пат, наведете Ваши позначајните лични и професионални постигнувања**

По завршувањето на додипломските студии на Технолошко-технички факултет во Велес, започнав со работа како технолог во производство на торти и колачи каде веќе наученото го применив во пракса.

Второто работно место на кое работев 2,5 години е фармацевтската индустрија. Со оглед на тоа дека бев студент на прехранбена технологија и биотехнологија, и имавме предмети во кои изучувавме делови од фармацијата, вклопувањето на новото работно место беше многу побрзо побторно благодарение на моите завршени студии.

Денес работам како асистент во Република Бугарија на катедра Биотехнологија и Прехранбена технологија, каде без моите додипломски студии на Технолошко-техничкиот факултет во Велес немаше да бидам. Моите дипломски студии ги завршив во Р.Бугарија што значи дека дипломата од Технолошко-техничкиот факултет во Велес е целосно призната. И да, не помалку важна е и соработката која ја имам со моите професори (сега веќе колеги) од Технолошко-технички факултет Велес за која можат да говорат бројните научни трудови кои се издадени и се надевам дека уште повеќе ќе издаваме.

## Alumni совет

**Со една до две реченици што би им порачале како совет на сегашните и идните студенти на УКЛО?**

Направете учењето да Ви биде задоволство, во факултетските клупи можете да создадете многу пријателства кои ќе траат цел живот како што е мојот случај на Технолошко-технички факултет Велес. Образованието е дел од животот, без кое не се може.